**20242133693**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 246 став (4) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), Владата на Република Северна Македонија, репрезентативните синдикати на територијата на Република Северна Македонија и репрезентативните здруженија на работодавачи на територијата на Република Северна Македонија, на ден 10 октомври 2024 година, склучија

## СПОГОДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ

Член 1

Во Спогодбата за основање на Економско-социјален совет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/10), членот 5 се менува и гласи:

„Членови на ЕСС кои се именуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија се: министерот за економија и труд, министерот за финансии, министерот за социјална политика, демографија и млади и министерот за образование и наука.

Заменици членови на членовите од став 1 на овој член, се нивните заменици министри.“

Член 2

Во член 8 став 2 зборовите „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „економија и труд“.

Член 3

Членот 10 се менува и гласи:

„ ЕСС има секретар.

Секретарот на ЕСС е лице од Министерството за економија и труд определено од министерот за економија и труд.

Организациските и административно-техничките работи на ЕСС и неговите работни тела ги врши Одделението за социјално партнерство при Министерството за економија и труд.

Трошоците за работа на ЕСС и неговите работни тела ги покрива Министерството за економија и труд.“

Член 4

Оваа спогодба влегува во сила со денот на склучувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-453/2
14 октомври 2024 година
Скопје

| Влада на Република Северна Македонија | Сојуз на синдикатите на Македонија | Организација на работодавачи на Македонија |
| --- | --- | --- |
| Министер за економија и труд, | Претседател, | Претседател, |
| **Бесар Дурмиши**, с.р. | **Слободан Трендафилов**, с.р. | **Владанка Трајкоска**, с.р. |